## ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТИ ЗА ОДРЖЛИВОСТ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ РАМКА ЗА ПОМОШ

### 1. За јавниот повик

Проектот „Рамка за помош 2024“ (понатаму во текстот: „проектот“) е регионален проект што се спроведува четврта последователна година во избраните пазари во ЈИЕ во кои дејствува НЛБ Групацијата. Како дел од тендерот, кој ќе се спроведе од 29.1.2024 година до 10.3.2024 година, заклучно, локалната првостепена комисија ќе избере 10 финалисти во секој пазар поединечно. Регионалната второстепена комисија потоа ќе избере три регионални победници од 60 финалисти од Словенија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија.

### 2. Цели на јавниот повик и бенефиции за избраните финалисти/победници

Целта на овој јавен повик е доделување финансиска и комуникациска поддршка на избраните проекти со цел нивно спроведување на регионалната развојна визија за одржливост на следниот начин:

- **Бенефити и поволности за 10 избрани локални финалисти:**
  - Паричен износ од 60.000 мкд финансиска поддршка исплатена на бизнис картичка за правни лица/ или дебитна за физички лица,
  - Бесплатна Visa Business картичка или/ Visa Debit за физички лица
  - Промоција на финалистите на дигиталните канали на НЛБ Банка Скопје и медиумските партнери

**Награди за трите избрани проекти, на регионално ниво**

- Награден фонд во вкупен износ од 100.000 евра за избраните 3 регионални победници:
  - Прво место – 50.000 евра
  - Второ место – 30.000 евра
  - Трето место – 20.000 евра

* НЛБ ДД го задржува правото да ја донесе конечната одлука за финансирањето врз основа на процената на последно достапните информации за тековните и очекуваните деловни резултати на Вашата компанија.

### 3. Услови за учество на тендерот

Може да се пријават :

- Правни лица, физички лица, трговци поединци или физички лица кои самостојно вршат деловна дејност за кои не е дефинирана нивната правна организациона форма и чие седиштето на друштвото или постојана адреса на живеење на поединецот се наоѓа во Република Северна Македонија.

- Клиенти на НЛБ Банка Скопје. Доколку даден правен субјект би сакал да поднесе апликација, но сè уште не е клиент на НЛБ Банка Скопје, услов е да отвори трансакциска сметка во НЛБ Банка Скопје пред доделувањето на поддршката.

Финалистите задолжително треба да имаат трансакциска сметка во НЛБ Банка Скопје. Во случај на предвремено раскинување на деловниот однос со Банката, должни се да ги вратат добиените бенефити во рамките на овој проект.

Тројцата (3) регионални победници што ќе добијат финансиска и консултантска поддршка, доколку се од територијата на Република Северна Македонија, должни се да префрлат најмалку 50% од своето работење во НЛБ Банка Скопје. (Ова важи за нови клиенти што немаат трансакциска сметка/ бизнис пакет во НЛБ Банка Скопје на денот на аплицирање). Кандидатите може да ги поднесат своите апликации исклучиво преку апликацијата достапна на веб страницата на Банката: NLB Banka , до 10.03.2024 година.
Секој кандидат може да поднесе само една апликација**.**

**4. Последен ден за прием на апликации**

Апликациите се доставуваат од 29.1.2024 до 10.3.2024 година, заклучно со тој ден. Го задржуваме правото на предвремено завршување на тендерот без избор на кандидати. Истовремено, го задржуваме правото на скратување или продолжување на рокот за доставување апликации – во тој случај, информацијата ќе биде објавена на нашата веб-страница NLB Banka

Апликациите треба да бидат поднесени преку дадениот формулар. За да учествува во процесот на селекција, секоја апликација мора да ги исполнува следниве услови:

- формуларот мора да се пополни точно и да ги содржи сите валидни информации и податоци, и
- мора да се достави во рамките на дадениот рок.

**5. Критериуми за селекција на апликации**

Апликациите прво ќе се разгледуваат и оценуваат од страна на локална првостепена комисија. Апликациите што нема да бидат пристигнати во рамките на рокот и на начинот утврден во овој јавен повик, нема да бидат разгледувани.

**Критериумите за избор** што ќе се користат од страна на комисијата при процесот на селекција во прв степен се следните:

- Апликантот мора да биде клиент на НЛБ Банка или да стане клиент на НЛБ Банка пред доделувањето на поддршката, со отворање деловна трансакциска сметка во НЛБ Банка;
- Апликантот да биде правно лице, трговец поединец или поединец што независно се занимава со дејност, за што не е утврден законскиот организациски облик;
- Седиштето на друштвото или постојаната адреса на живеење на поединецот апликант мора да се наоѓа во Република Северна Македонија;
- Апликантот треба да работи најмалку 24 месеци;
- Апликантот не смее да се занимава со дејства што се под сомневање за прекршување на важечките законски, даночни или други регулаторни правила и рамки чие

финансирање е забрането со внатрешните прописи на НЛБ Банка Скопје
внатрешните правила на НЛБ ДД.

Проектот се смета за одржлив, доколку:

- Придонесува за исполнување и поддржување најмалку една од 17 цели за одржлив развој (Цели за одржлив развој – ЦОР), утврдени од Обединетите нации;
- Ги следи насоките на Рамката за одржлив развој на групацијата НЛБ во рамките на кои го зголемуваат позитивното влијание врз општеството и животната средина, притоа ограничувајќи ги негативните влијанија;
- Има добро развиена идеја (проект) за одржливост. Не е задолжително производот/услугата да е веќе достапен на пазарот. (Прифатливи се постоечки проекти или идеи кои допрва ќе се реализираат);
- Има позитивно, разбирливо и мерливо влијание врз подобриот квалитет на живот во Северна Македонија

## 6. Процедура на селекција и известување на кандидатите

По истекот на рокот за аплицирање, апликациите што биле поднесени навреме ќе бидат разгледани од страна на локална првостепена комисија. Апликациите ќе бидат разгледани најдоцна 10 работни дена по истекот на рокот за аплицирање. Кандидатите што ќе влезат или нема да влезат во финалниот круг ќе бидат известени за резултатите од селекцијата преку електронска пошта. Ако одреден финалист не сака да учествува во проектот, може да ја повлече својата апликација најдоцна 5 работни дена по добивањето електронска пошта со која се потврдува неговиот избор.

**Банката нема обврска за објаснување на причините за даден избор, а одлуките на комисијата не може да се обжалат.**

Локалната првостепена комисија избира 10 финалисти на македонскиот пазар. Во вториот круг, 10- те финалисти се натпреваруваат со финалисти од сите пазари во ЈИЕ во кои дејствува НЛБ Групацијата. Трите најдобри регионални проекти од „Рамка за помош 2024“ ќе бидат избрани од страна на второстепена регионална комисија. Победниците ќе бидат објавени во Љубљана, на 9 мај 2024 година и финалистите и победниците ќе бидат информирани преку електронска пошта.

## 7. Промоција и други обврски на избраните финалисти/победници

Во рамките на нивните проекти, секој од десетте финалисти избрани на македонскиот пазар се обврзуваат на следново:

- Да ја сподели својата одржлива корпоративна приказна за промотивни цели со НЛБ Банка и медиумските партнери;
- Да бидат достапни за промотивни цели со НЛБ Банка, НЛБ д.д. и медиумските партнери;
- Доколку е потребно, на НЛБ Банка и нејзината маркетинг агенција да им ги доставаат и стават на располагање своите брендови и компаниски логоа, основни информации за нивните производи/услуги и, доколку е потребно, фотографии и/или видеоматеријали.
- Ваквите материјали ќе се користат на сите пазари во ЈИЕ каде што дејствува НЛБ Групацијата .

Тројцата регионални победници се обврзуваат да склучат договор за спонзорство со НЛБ Банка Скопје, врз основа на кој ќе треба да достават копии од оригиналните сметки со цел да се утврди дека средствата од спонзорството се користеле строго за избраниот проект. Доколку проектот не се реализира целосно, примателот се обврзува да ги врати добиените средства.

## 8. Завршни одредби

Овие Правила може да се изменат и да се дополнат во случај на промена на прописите, нивното толкување, доколку одредени технички, комерцијални или јавни причини налагаат така или, пак, во случај на други валидни услови. Организаторот ќе ги информира учесниците во случај на какви било измени и дополнувања на Правилата преку објавување на веб-страницата NLB Banka. Ќе се смета дека сите учесници биле информирани во моментот на објавување на веб-страницата.

## 8. Дополнителни информации за тендерот

Кандидатите може да праќаат прашања или дополнителни барања за информации за тендерот најдоцна до крајниот рок за аплицирање на следната електронска адреса: ramka_za_pomos@nlb.mk